Архивски број: 08-429/4
година
26-11- 2024

Постапувајќи по претставката бр. 08-429/1 од 25.04.2024 година, поднесена од [redacted] од Кочани против [redacted] односно претседателот на здружението [redacted] за сторена дискриминација врз основ на пол, род и лично својство и општествен статус, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА вознемирување врз основ на пол, род и лично својство и општествен статус од страна на [redacted] претставувано од претседателот на здружението [redacted] врз [redacted] во областа на јавно информирање и медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 30.05.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) од страна на лицето [redacted] со адреса на живеење на [redacted] поднесена е претставка за заштита од дискриминација заверена под бр. 08-429/1.

Подносителката наведува дека претставката ја поднесува поради континуирани последователни вербални напади врз неа во јавниот медиумски простор. Таквите вербални напади и омаловажувања од страна на [redacted] како претставник во Кочани на [redacted] и на Коалицијата за заштита на децата, започнале по поднесувањето на предлогот од [redacted] до Општина Кочани на 25.10.2023 година и по донесените заклучоци од страна на Комисијата за еднакви можности на жените и на мажите и од Советот на Општина Кочани. Во прилог подносителката како поткрепа доставува Предлог од [redacted] од 25.10.2023 г., Извештај од седницата на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите од 26.10.2023 г. и Заклучок од седницата на Советот на Општина Кочани од 30.10.2023 г. Следствено на тоа, во претставката се наведува дека поради образложението поврзано со поднесената иницијатива што подносителката го дала од говорницата на Советот на Општина Кочани, за што приложува видеоматеријал односно текст од образложението на [redacted] на седницата на Советот на

Општина Кочани, кое било пренесено на локални телевизии, таа била омаловажувана и вознемирувана на социјалната мрежа „FACEBOOK“ од [redacted] преку неговиот личен профил на мрежата насловен како [redacted] и преку страниците на истата мрежа на [redacted]. Подносителката смета дека со таквите напади на Ненад Стојанов на социјалната мрежа, тој ја дискриминира како жена, бидејќи на седницата на Советот на 30.10.2023 година, за иницијативата на [redacted] дискутираа и членови на Советот мажи и жени, но неговите коментари полни со исмејување и закани [redacted], во тој широк медиумски простор биле насочени само кон неа и кон советничката [redacted] Вознемирувањето од страна на [redacted] на социјалните мрежи продолжило и по нејзината изјава во емисијата [redacted] емитувана на МТВ на 11 април 2024 година, дадена во својство на координаторка за еднакви можности на жените и мажите во Општина Кочани. Таа наведува дека [redacted]“, кое на 28 јануари 2024 година, го основал и станал негов претседател [redacted] јавно на 12 и на 13 април 2024 година, со објави на социјалната мрежа „FACEBOOK“ ја исмевале, омаловажувале и ширеле навреди и невистини за неа како човек и како административен службеник во Општина Кочани. Понатаму, подносителката истакнува дека означувајќи повеќе профили на социјалната мрежа, односно [redacted] распространувајќи го напишаното пред илјадници корисници на мрежата [redacted] како претставник на [redacted] и „фејсбук-инфлуенсери“ на социјалната мрежа создале непријателска и понижувачка средина за неа, со што ја вознемириле и го повредиле нејзиното достоинство. Таа истакнува дека во нејзината изјава за [redacted] го истакнала ставот на Општина Кочани и на Советот на Општина Кочани, за не прифаќање на иницијативата поднесена од [redacted]“ за исфрлање на „родовите терминолошки изрази" од Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите и од сите документи на Општина Кочани, со што Општина Кочани ја задржала правната рамка на дејствување. Во тој контекст таа истакнува во претставката дека [redacted] го повредува интегритетот на нејзината личност, како човек и како службеник, претставувајќи ја како што наведува „како „неспособен службеник што треба да си даде оставка“, „непријател на децата и на семејството воопшто“, човек што наметнува „погрешни и сатанистички“ правци за развој на младите генерации, „платеник на ЛГБТ заедницата“, „протеже на Јована Тренчевска“...“. Од друга страна, таа наведува дека на објавите на [redacted] „[redacted] именуваниот ја ограничувал можноста за коментирање, бирајќи кому да му дозволи да пишува коментари. На крајот, подносителката наведува дека вознемирувањето кон неа продолжило и на 15 април 2024 година, со нови објави на [redacted]– Кочани, кои биле поврзани со писменото барање за извинување што го упатил градоначалникот на Општина Кочани до [redacted]“. Таа тврди и дека со пораки во месинџер, [redacted] вознемирувал и членови на Советот на Општина Кочани, кои јавно, во коментари на


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

објави на социјалната мрежа го потврдуваат неговото непримерно однесување и вознемирување.
Во прилог кон претставката, подносителката во копии достави:
Извадок од Записникот на седницата на Советот на Општина Кочани, 30.10.2023 година; видеоматеријал од Вести на локалната ТВ Канал 8 - Кочани, односно текст каде се гледа дека за предлогот на [redacted] во ист контекст говореле и мажи и жени, а тој на Фејсбук ги омаловажува само жените говорници; Прилог од објава на порталот „Гласно" за основањето на „Будност"; линк кон видеото односно текст од изјава за „360 степени" на МТВ:
https://www.facebook.com/61556346449195/videos/855068103049477/?mibextid=oFDknk & rdid=4fhqkK OxIGS4EHkxy.
Како и интернет линкови од објави и изјави:
https://www.facebook.com/61556346449195/videos/855068103049477/?mibextid= oFDknk&rdid=4fhqKOxIGS4EHkxXy
https://www.facebook.com/profile.php ?id=61556346449195
https://www.youtube.com/watch e-v=OSHpeAftgiA
https://www.facebook.com/profile.php ?id=61556346449195.

На 25.07.2024 година, согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, [redacted] достави до Комисијата Изјаснување-одговор бр. 03-1/2 од 17.07.2024 година, на наводите во претставката. Во одговорот тој истакнува дека подносителката како доказ поднесува акти во кои апсолутно нема ниту еден збор со кој таа е дискриминирана, туку тоа биле формално- правни акти со кои здружението [redacted] се обратило со барање до Советот на општина Кочани, а Советот одлучил со заклучок и Комисијата за еднакви можности дала Извештај од седница, со што како што наведува „приложените докази се нерелевантни по наводите за некакво вознемирување или дискриминација и не ги потврдуваат наводите дека има вербални напади и омаловажувања кон [redacted] а кое нешто можете и сами да го утврдите од увидот во истите.". Со следните зборови тој истакнува: [redacted] наведува дека поради нејзиното образложение во врска со поднесеното барање од [redacted] била изложена на говор на омраза, исмевања, вербални напади, вознемирувања и омаловажувања од мојот личен фејсбук профил [redacted] и преку објавите на другите здруженија кои ги наведува: фејсбук страницата на Здружението „[redacted] без притоа јасно и прецизно да наведе со кои зборови, односно дали таквите наводни омаловажувачки или вознемирувачки зборови се искажани конкретно од мојот личен фејсбук профил или од објавите на другите здруженија кои ги наведува: фејсбук страницата на Здружението „[redacted] и Коалиција за заштита на децата, туку само паушално наведува и без конкретно посочување со кои зборови тоа го сториле. Од тие причини, наводите на Ајтовска и во овој дел се неосновани и непоткрепени со докази.".


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Понатаму, тој истакнува „во текстот од претставката истакнува дека била дискриминирана како жена, „тој ме дискриминира како жена", бидејќи како што наведува, на седницата на Советот на 30.10.2023 година за иницијативата на [redacted] дискутирале и членови на Советот (и мажи и жени), но моите коментари на фејсбук „полни со исмејување и закани" биле насочени само кон неа и кон советникот [redacted] Како прво, коментарите од моја страна не беа со исмејување и закани, [redacted] повторно нема наведено со кои зборови сум се исмејувал или заканувал бидејќи такво нешто не постои од моја страна, а коментарите беа поврзани со нив двете бидејќи од целиот состав на Советот единствено тие беа против петицијата, додека останатите советници без оглед на нивниот пол беа за петицијата и поднесеното барање до Советот, а што се потврдува и со исходот од гласањето, поточно сите други советници дадоа зелено светло на собраните над 3000 потписи кои [redacted] не ги уважија и испочитуваа.". Тој во одговорот наведува дека неговите коментари биле само изразување на неговите ставови по поднесеното барање и одлуката донесена на седница на Советот, за кое тој имал легитимно право да ги изразува и дека таквите негови ставови само се разликувале од нивните, а не претставувале исмејување или навредување. Во однос на наводите дека тој ја дискриминира подносителката како жена, истакнува дека со оглед на тоа што [redacted] е партнер со [redacted] за заштита на децата, кои се предводени претежно од жени, јасно било дека нема основа подносителката да тврди дека ја дискриминирал поради тоа што е жена. Во спротивно, истакнува дека ако бил дискриминатор на жените, немало да бидат партнери со наведените две претежно „женски" организации. Понатаму, тој наведува дека подносителката тврди но не навела со кои зборови имало вознемирување, навреди и говор на омраза по нејзината изјава за емисијата „[redacted]. Со следните зборови тој истакнува: „[redacted] во која од страна на [redacted] беа изнесени лаги и лажни обвинувања за некаков говор на омраза и „притисоци" од страна на [redacted] и неколку други здруженија, [redacted] излезе со демант за тие искажани невистини, по што следуваше барање за извинување што ни го упати градоначалникот на Општина Кочани. Нејзините наводи дека во емисијата [redacted] го изразила ставот на Општината и советот кои не го прифатиле барањето на здружението [redacted] и на тој начин останале во правната рамка на дејствување е невистинит, затоа што советот го прифати барањето на здружението [redacted] но притоа го задолжи да се обрати до централните органи, а потоа тие би донеле конечна одлука.". Според него, тоа е само потврда дека подносителката во изнесувањето на наводите во претставката против [redacted] и него, не се служи со аргументи, факти и докази, туку дека ги кажувала нештата од свој аспект, произволно носејќи свои лични заклучоци и видувања и притоа истите не ги потврдувала со соодветни докази. Тој истакнува дека подносителката не ја претставувала Општината и Советот за да зборувала во нивно име во емисијата [redacted] искажувајќи ставови во име на цел Совет кој одлучил поинаку од нејзините наводи во претставката.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Во врска со наводите за ограничената можност за коментирања на некои објави на фејсбук профилот на здружението Будност, тој истакнува дека тоа е вистина, дека ограничување поставиле администраторите, но поради коментари со навредлива содржина против [redacted] со цел да се заштити нејзината личност. Тој наведува дека принципите и правилата на функционирање на [redacted] вклучително и на неговата страница е да не дозволува коментари кои содржат навреди, исмејување, говор на омраза, закани и слично. Коментарите, според него, се отстрануваат, се блокираат личности кои ги рушат нивните принципи и правила и се ограничува можноста за коментирање доколку забележат дека се продолжува со коментари кои не се во согласност со таквите правила и принципи. Во однос на наводите во претставката ставени во наводници „неспособен службеник, ЛГБТ платеник" итн., тој истакнува дека не се искажани од него, ниту од неговиот профил на социјалната мрежа, ниту од [redacted] или од кое било од здруженијата наведени во претставката. Тој наведува дека повторно како и за се друго претходно, [redacted] не посочила прецизно од кој и во која објава е кажано наведеното, ниту линк од објавата или некаков доказ, бидејќи такво нешто не постоело од нивна страна и не постои ниту една објава со која таа била дискриминирана затоа што е жена или заради тоа што е претседател на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите. Во однос на наводите во претставката дека тој вознемирувал и непримерно се однесувал со пораки во месинџер кон членови на Советот кои јавно во коментари го потврдувале таквото однесување, тој истакнува дека таквиот навод е контрадикторен сам по себе, затоа што таа не била ополномоштена од останатите членови на Советот да во нивно име поднесува претставка против него. Според него, таквите наводи се невистинити и неосновани, од причина што такви пораки кон неа или кон кој било член на Советот не постоеле, односно тој никого не „плукал и навредувал" со пораки во месинџер. На крајот тој истакнува дека негово основно загарантирано право согласно Уставот е правото на слобода на мислење и на изразување притоа не навредувајќи никого, не клеветејќи никого, туку почитувајќи ги правата на другите истовремено со барање за реципроцитет, да бидат почитувани и неговите права. Следствено на тоа, во одговорот истакнува дека доколку подносителката сметала дека во било која објава лично негова или од Здружението „Будност" имало искажани навреди и клевети, истата можела да заведе спор против него во кој ќе се утврди граѓанска одговорност за искажаната навреда и клевета, а тоа таа не го сторила се до денес. Наместо тоа, таа избрала да поднесе претставка до Комисијата, иако основ за дискриминација, според него, не постои во ниту еден момент од дејствувањето и работењето на Здружението „Будност" и од него како негов претседател.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Согласно член 10 став 1 од истиот закон, вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Имајќи ја во предвид утврдената фактичка состојба, Комисијата не најде дека врз подносителката е сторено вознемирување врз основ на пол, род и лично својство и општествен статус, од страна на [redacted] – Кочани, претставувано од претседателот на здружението [redacted]

Имено, Комисијата анализирајќи ја содржината на спорните објави, утврди дека истите не го исполнуваат битието на вознемирувањето согласно член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Самите објави се дадени во контекст на определен настан или дејствија, поврзани со надлежности на општина, односно Советот на општината, во однос на имплементација на стратешки документи на општината, односно разгледување и усвојување на одредена иницијатива. Во смисла на целта и контекстот на објавите, за Комисијата отсуствува каузалноста на истите со наведените заштитни карактеристики во претставката, односно истите се дадени во форма на ставови во однос на дискурсот на седницата на Советот. Објавите или коментарите кои се однесуваат и се поврзани со подносителката, соодветствуваат како такви, првенствено со дејствијата на подносителката во самиот процес, односно предметниот настан пред Советот на општината и дејствијата на Општината во процесот, а не од причини поврзани со полот, родот или лично својство и општествен статус. Таквите објави и коментари во дадениот случај, би се однесувале на било кое друго лице, кое би се нашло во истата ситуација како и подносителката, независно од напред наведените заштитни карактеристики, односно основи.

Во однос на наведеното, при носењето на мислењето, Комисијата во предвид ја имаше и слободата на изразување, во смисла на член 16 од Уставот на РСМ („Службен весник на РМ“ бр. 1/1992; 31/1998; 91/2001; 84/2003; 107/2005; 3/2009; 13/2009; 49/2011 и 6/2019), со кој се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, како и слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање, а цензурата е забранета.

Дополнително на тоа во предвид и членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права, кој гласи:


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*1. Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите, на претпријатијата за радио, филм и телевизија да им наметнуваат режим на дозволи за работа.*
*2. Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.*

Имено во таа насока, Комисијата во предвид ја зеде и судската пракса на Европскиот суд за човекови права, односно случајот „Savva Terentyev v. Russia 10692/09“.
Во конкретниот случај Европскиот суд, се осврнал на праксата на домашните судови при оценување на определена изјава, односно коментар за кој жалителот бил санкциониран. Имено, Европскиот суд забележува дека домашните судови во однос на таквата изјава, се фокусирале на природата на формулацијата на изјавувачот, лимитирајќи ги своите наоди на формата и тонот на говорот, додека не се обиделе да ја анализираат спорната изјава во контекст на релевантна дискусија и притоа да откријат која идеја се сакало да се пренесе. Според Европскиот суд, исходот на определен случај, повеќе зависи од меѓусебната зависност, односно поврзаност на различните фактори, отколку земањето во предвид на секој од нив засебно. Врз основа на таквиот принцип, Европскиот суд го ценел конкретниот случај, со посебно внимание на природата и формулацијата на оспорената изјава, во кој контекст е објавена, потенцијалот да води до штетни последици и причините кои го оправдуваат ограничувањето на истата.
Оттука, Европскиот суд утврдил дека при утврдувањето на фактичката состојба домашните судови не ги земале во предвид сите релевантни факти и околности, па следствено на тоа нивното образложение не може да се смета за релевантно и доволно за да се оправда попречувањето на слободата на изразување на жалителот.

Во согласност со таквата пракса, Комисијата ги ценеше сите факти и околности, кои како такви ја определуваат природата на направените објави, во кој контекст се објавени истите, смислата на идејата на објавите, како и дали истите резултираат со штетни последици.

Комисијата наведува дека донесување на одредено мислење во рамки на нејзините законски надлежности, не претставува пречка за лицето или групата на лица кои се чувствуваат засегнати од одредена навредлива терминологија, во контекст на постоење на навреда, да побараат заштита во судска постапка пред надлежен суд во


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

чии рамки би се утврдувала истата, имено согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Согласно горенаведеното Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*
*1.* [redacted]
*3. Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk